# „Ако некој само науми да направи насилство во него – дури и да е далеку, во Аден, областа Ебјан – Аллах ќе го натера да вкуси неиздржливо страдање.“

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него – пренесува предание од Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем – во врска со зборовите на Возвишениот Аллах: „И на тој што во него ќе сака какво било насилство да стори, ќе им дадеме неиздржливо страдање да доживеат.“ (Ел-Хаџ, 25), рекол: „Ако некој само науми да направи насилство во него – дури и да е далеку, во Аден, областа Ебјан – Аллах ќе го натера да вкуси неиздржливо страдање.“
[صحيح] [رواه أحمد والحاكم]

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, во врска со зборовите на Возвишениот Аллах: „И на тој што во него ќе сака какво било насилство да стори, ќе им дадеме неиздржливо страдање да доживеат.“ (Ел-Хаџ, 25), рекол: „Ако некој само помисли и се реши да стори грев во Меканскиот Харем – нешто што Аллах го одредил како забрането во тој свет простор, било тоа преку збор или намерно убиство – тогаш тоа е неправда. Дури и ако таа намера му се јави додека е далеку, како во градот Аден во Јемен, тој со самата намера заслужува Аллах да го погоди со болно страдање, иако делото не го извршил, намерата е доволна.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee